*РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА*

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# УПАТСТВО

# ЗА КРЕИРАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО ОФИЦИЈАЛНИТЕ ПРОФИЛИ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА СОЦИЈАЛНИТЕ МЕДИУМИ

**Скопје, март 2025**

*РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА*

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 67 став (5) од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 248/23), генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија донесе

# УПАТСТВО

## за креирање и управување со официјалните профили на Собранието на Република Северна Македонија на социјалните медиуми

### Член 1

Со ова упатство се пропишува начинот на креирање и управување со официјалните профили на Собранието на Република Северна Македонија на социјалните медиуми.

### Член 2

(1) Собранието на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Собранието), има единствен официјален профил на социјалните медиуми.

(2) Називот на профилот од ставот (1) на овој член гласи: „Собрание на Република Северна Македонија“, а во случај кога согласно со правилата и политиките на социјалните медиуми се бара скратен назив, називот на профилот гласи: „Собрание“.

(3) Официјалниот профил на Собранието задолжително се верификува согласно со правилата и политиките на социјалните медиуми, со цел да се потврди дека станува збор за официјален профил.

(4) На насловната/профилната фотографија на официјалниот профил на Собранието стои фотографија од логото на Собранието, салата „Македонија“, зградата на Собранието и сл.

(5) По исклучок од ставот (4) на овој член, на насловната/профилната фотографија на официјалниот профил на Собранието може да се стави фотографија по повод одбележување на државни празници на Република Северна Македонија, значајни настани или истакнати личности.

### Член 3

(1) Официјалниот профил на Собранието на социјалните медиуми треба да се користи со цел за приближување до јавноста на работата на Собранието и информирање на граѓаните за прашања од надлежност на Собранието.

(2) Содржината на објавите на официјалниот профил на Собранието на социјалните медиуми треба да се однесува на присуство на настани и изјави дадени во официјално својство на носител на функцијата претседател на Собранието, потпретседател на Собранието, пратеник, генерален секретар и заменик на генерален секретар, известување за законодавните и другите редовни активности во Собранието, активностите на Службата на Собранието, програмските содржини што се емитуваат на Собранискиот канал, како и на распоредот на седниците на Собранието и на работните тела и други настани и активности кои произлегуваат од работата на Собранието.

(3) Информациите објавени преку официјалниот профил на Собранието на социјалните медиуми треба да се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани, лесно достапни, проверени и одобрени.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Член 4**

Собранието може да има официјален профил на повеќе социјални медиуми, како на пример: Facebook, Twiter/X, YouTube, Instagram, Flickr и други актуелни социјални медиуми, коишто се креирани за размена на податоци и/или информации преку интернет.

**Член 5**

(1) Креирањето на нов официјален профил на Собранието на социјалните медиуми се врши во согласност со потребите на Собранието, по претходно одобрение од генералниот секретар на Собранието.

(2) Креирањето на нов официјален профил на Собранието на социјалните медиуми се врши преку официјална електронска пошта на која автоматски се испраќа пораката за потврда при регистрација.

(3) За креирањето и безбедноста на официјалните профили на Собранието на социјалните медиуми се грижи Секторот за информатички и комуникациски технологии.

**Член 6**

(1) Пристап до официјалните профили на Собранието на социјалните медиуми, како и уредување на нивната содржина имаат собраниските службеници задолжени од генералниот секретар на Собранието.

(2) Уредувањето на официјалните профили на Собранието се врши на начин што ќе се обезбеди зачувување на угледот на Собранието, преку користење на алатки за предупредувања против агресивно однесување, вербално насилство или дезинформации, во согласност со условите и политиките за користење и објавување на социјалните медиуми.

(3) За управувањето со коментари со навредлива, невистинита или несоодветна содржина се грижат лицата од ставот (1) на овој член.

(4) Веќе објавената содржина на официјалните профили на Собранието може да биде отстранета по претходно одобрение од страна на генералниот секретар на Собранието.

**Член 7**

Се задолжуваат секторите и посебните организациони единици на Службата на Собранието кои имаат свои профили на социјалните медиуми, по влегувањето во сила на ова упатство во соработка со Секторот за информатички и комуникациски технологии да започнат постапка за интегрирање со официјалниот профил на Собранието.

**Член 8**

Ова упатство влегува во сила со денот на донесувањето.

Број 01-1523/1
05.03.2025 година
Скопје

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР
Марина Димовска